# LEGAL PROTECTION OF THE ENTITIES AND HOLDERS OF COPYRIGHT AND RELATED RIGHTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, COMPARED TO THE EUROPEAN INTELLECTUAL PROPERTY LAW

**Daniela Ristova Petkovska**
Faculty of Law, University "Goce Delcev" – Stip, Republic of Macedonia
pravosudnanasoka@yahoo.com

**Abstract:** In the international law, generally accepted sources of law, including the right to intellectual property, are the Constitution, laws and by-laws (decrees, rulebooks). Intellectual property rights from a legal aspect have territorial significance, and they exist as subjective rights within the frames in which they are recognized by the national legislation. In addition to the territorial nature of intellectual property rights, there is an international regulation of rights in this area.
International unions are formed by the need to protect the rights of foreigners, that is, the giving of national treatment to foreigners and persons domiciled or based in other member states of the international act. As an example, we can mention the Paris and the Berne Union, which regulate a number of issues related to intellectual property rights, and one of their marks is national treatment, where foreign entities are equated with domestic entities and entities that have a domicile or a real residency in one of the member states of the international act.
With the development of new advanced technologies imposed by the needs of modern society and living, there is a need for creating and regulating new intellectual property rights, as well as new mechanisms for regulating different aspects of intellectual property rights. The enforcement of intellectual property rights includes the actual implementation of the legal framework for the content of intellectual property rights, and the implementation of these rights includes the protection of these rights from their violation and the protection of the infringement of intellectual property rights.
International regulation continues to grow and develop globally with the adoption of the Convention on the Establishment of the World Intellectual Property Organization which is a specialized agency of the United Nations and becomes the main proponent for the promotion of the protection of intellectual property rights of international law. The enforcement of intellectual property rights is generally regulated with the national legislation. In the year of 1994, the Agreement on Trade Aspects of Intellectual Property Rights, called the TRIPS Agreement, was adopted within the framework of the World Trade Organization. This agreement has been made in order to prevent disruptions and obstacles in international trade and the need to enhance the effective and adequate protection of intellectual property rights, as well as to ensure the measures and procedures for realization of these rights that they will not become an obstacle to legitimate trade.
The European Parliament and the Council of the European Union in 2004 adopted the Directive 2004/48 / EC on the enforcement of intellectual property rights as a mechanism for harmonizing the legislation of the EU Member States. On July 23, 1993, the Republic of Macedonia, by submitting the declaration to the World Intellectual Property Organization, became the 138 member state of this organization. With this act of accession to the WTO, the Republic of Macedonia expressed a positive attitude towards copyright and the protection of copyright and related rights.
**Keywords:** World Trade Organization, International Unions, Conventions, European Directives, TRIPS Agreements

# ПРАВНА ЗАШТИТА НА СУБЈЕКТИТЕ И НОСИТЕЛИТЕ НА АВТОРСКИ И СРОДНИ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СПОРЕДЕНО СО ЕВРОПСКОТО ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ

**Даниела Ристова Петковска**
УГД - Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија
pravosudnanasoka@yahoo.com

**Резиме:** Во меѓународното право општо прифатени извори на правото, па и на правото на интелектуална сопственост, се Уставот, законите и подзаконските акти (уредби, правилници). Правата на интелектуална сопственост од правен аспект имаат територијално значење, а постојат како субјективни права во оние рамки во кои ги признава националното законодавство. Покрај територијалниот карактер на правата на интелектуална сопственост постои и меѓународна регулатива на правата во оваа област.

Меѓународните унии се формирани од потребата за заштита на правата на странците, односно давањето на национален третман на странските лица и лицата што имаат домицил или седиште во други земји членки на меѓународниот акт. Како пример може да ги споменеме Парискага и Бернската унија кои уредуваат повеќе прашање поврзани со правата на интелектуална сопственост, а еден од нивните белези е национален третман, каде странските субјекти се изедначуваат со домашните субјекти и со субјектите кои што имаат домицил или вистинско седиште во една од земјите членки на меѓународниот акт.
Со развојот на новите напредни технологии наметнати од потребите на современото општество и живеење се наметнува потребата за креирање и уредување на нови права на интелектуална сопственост, како и нови механизми за уредување на различните аспекти на правата на интелектуална сопственост. Спроведувањето на правата на интелектуална сопственост ја опфаќа реалната имплементација на правната рамка за содржината на правата на интелектуална сопственост, а спроведувањето на овие права ја опфаќа заштитата на овие права од нивна повреда и заштита на загрозување на правата на интелектуална сопственост.
Меѓународната регулатива и понатаму расте и се развива на глобално ниво со донесувањето на Конвенцијата за основање на Светската организација за интелектуална сопственост која е специјализирана агенција на Организацијата на Обединетите нации и истата станува главен поборник на промоцијата за заштита на правата на интелектуална сопственост на меѓународно право. Спроведувањето на правата на интелектуална сопственост во најголем дел останува работа на националните законодавства. Во 1994 година во рамките на Светската трговска организација е донесена Спогодбата за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост така наречена - ТРИПС Спогодба.( Blakeney,1996) Оваа спогодба е донесена со цел да се спречат нарушувањата и пречките во меѓународната трговија и потребата да се унапреди делотворната и соодветна заштита на правата на интелектуална сопственост како и да се осигураат мерките и постапките за остварување на овие права дека нема истите да станат пречка за легитимна трговија.
Европскиот парламент и Советот во рамки на Европската унија во 2004 година ја донесоа Директивата 2004/48/ЕЗ за спроведување на правата на интелектуална сопственост и служи како механизам за хармонизација на законодавствата на земјите членки на ЕУ. Република Македонија на 23.07.1993 година со поднесувањето на декларацијата до Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO), стана 138 земја членка на оваа организација. Со овој чин на пристапување во СТО, Република Македонија искажа позитивен став кон авторското право и заштитата на авторските и сродните права.
**Клучни зборови**: Светска трговска организација, меѓународни унии, конвенции, европски директиви, ТРИПС договори

## 1. ВОВЕД

Еден од приоритетите на Република Македонија во процесот на придружување кон Европската Унија е етаблирање институционален систем кој од една страна ќе обезбеди ефективна и ефикасна правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, а од друга страна целосно ќе биде усогласен со европското право и со релевантните меѓународни конвенции и договори ратификувани од страна на РМ. Еден ваков систем ќе ја поттикнува креативноста на поединците, ќе ја гарантира економската егзистенција на авторите и ќе допринесува кон промовирање на културната креативност, создавање богато културно наследство и меѓународна промоција на Република Македонија. Преку гарантирање на правната заштита на субјектите и носители на авторски и сродни права, се поттикнува креативноста на авторите и творците, а општеството културно се збогатува со нивниот придонес во овие различни области на творештво.

## 2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Цел на истражувањето во овој труд е анализа на состојбата во областа на правната заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права во Република Македонија, споредено со правниот поредок на ЕУ како и со релевантните меѓународни конвенции и договори ратификувани од страна на Република Македонија.

Низ призма на веќе етаблираниот институционален систем за правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, се истражуваат можностите и потребата од негово натамошно унапредување, утврдување на основни начела, принципи и насоки кои ќе овозможат преку мерливи резултати, да се обезбеди високо ниво на правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права.

Воедно е направен осврт на потребата од конкретни мерки и активности за јакнење на институционалните капацитети во областа на едукацијата, со што ќе се овозможи континуирано унапредување на знаењето, внатрешна и меѓународна размена на искуства, како и исполнување на

потребните предуслови, процедури и управни решенија, согласно специфичните индивидуални карактеристики на Република Македонија на патот на придружување кон Европската Унија.

## 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ова истражување претставува многу обемна и сложена задача која опфаќа комплексна материја, затоа што е премногу тешко да се приберат податоци за повреда на правата од интелектуална сопственост, а воедно треба добро да се проучат сите случаи од судската практика за да се најдат и истакнат одредени аспекти на проблемот кај заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Од погоре дефинираната цел на ова истражување може да се дефинираат следните очекувани резултати:

1. Утврдување на предностите и недостатоците во однос на правата од интелектуална сопственост во Република Македонија и Европската унија
2. Добивање на точни резултати за висината на заштитата на интелектуална сопственост во Република Македонија, Европската унија и светот
3. Подигање на јавната свест за купување на оригинални производи и сознание за штетните последици од користењето на фалсисфикати

## 4. МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

Бидејќи правната заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права денес е често експлоатирана и анализирана појава, а во последно време во Европа се повеќе внимание се посветува на правната заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, потребно е во рамките на истражувањето најнапред да се направи дескрипција на правната заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права низ призма на правниот поредок на ЕУ и релевантните меѓународни конвенции и договори, во процесот на интеграција и придружување на РМ кон Европската Унија.

При истражувањето од општите научни методи применети се статистичкиот метод, при што статистички се обработени прибраните податоци, врз основа на што се извлечени соодветни заклучоци за истражуваната појава, преку компаративниот метод направена е споредба на податоците, користени се и аналитичко-синтетичкиот метод и методот на дескрипција, како постапка за опишување или прикажување на предметот на научното истражување со научно толкување и објаснување.

Преку посебните научни методи добиените резултати од емпириското истражување се квантитативно изразени, а потоа со компаративна анализа се добиени показатели за начинот на влијанието.

- Метод на собирање и анализирање на податоци
- Метод на анализа на содржината
- Историски метод

Собраните податоци, понатаму ќе се анализираат квантитативно, со користење на статистички методи – вкрстени табеларни прикази.

Со примена на индуктивниот метод ќе се дојде до заклучоци за општата состојба врз основа на посебни или поединечни факти, кои се опфаќаат со доследна и систематска примена на индуктивниот начин на донесување на заклучоци. Појдовна точка ќе бидат поголем број на поединечни настани, а заклучувањето ќе се врши со генерализација на изнесените податоци.

## 5. ХИПОТЕТСКА РАМКА

Во овој труд во рамките на истражувањето беа поставени следните хипотези, а преку добиените податоци и резултати, се провери нивната веродостојност.

**Генерална хипотеза**

- ✓ Со воспоставување и континуирано унапредување на ефикасен и ефективен институционален систем за правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, се создаваат предуслови кои се неопходни да се обезбеди високо ниво на правна заштита и хармонизација со правниот поредок на ЕУ, во процесот на придружување на Република Македонија кон Европската Унија

**Поединечни хипотези**

- ✓ Континуитетот во зголемувањето на координација помеѓу субјектите кои треба да гарантираат правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, а особено заедничките и координирани мерки и активности имаат примарна улога во успешната превенција, сузбивање и репресија на повредите на носителите на авторски и сродни права;
- ✓ Интеграција на анализата на ризиците и истрагите во областа на заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, претставуваат генератор за утврдување на потребните предуслови, процедури и управни решенија како суштински предуслов за поттикнување на креативноста на поединците, гарантирање на економската егзистенција на авторите

- ✓ Јакнење на институционалните капацитети во областа на едукацијата, ќе овозможи континуирано унапредување на знаењето, квалитетна внатрешна и меѓународна размена на искуства, со што ќе се поттикне проактивното делување и ќе се допринесе кон промовирање културната креативност, создавање богато културно наследство и меѓународна промоција на Република Македонија, како и основа за постигнување правен и економски просперитет.

**Зависна варијабла**

Како зависни варијабли во овој труд се земаат: одбиените, преиначените и усвоените тужбени барања со правосилни пресуди од судовите во Република Македонија.

**Независни варијабли**

Независни варијабли се следните:

- Повреда на постапката
- Нејасна и неразбирлива пресуда
- Пресудата има недостатоци кои не можат да се испитаат
- Ниски казни за злоупотреба на правата од интелектуална сопственост

## 6. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во текот на истражувањето прибрани се податоци за период од 2012 до 2016 година за сите судски предмети, во сите судови на територијата на РМ во делот на интелектуалната сопственост.(Министерство за правда на РМ)

Табела 1. Судски предмети за интелектуална сопственост 2012-2016 во РМ

| Судови | Вкупно предмети | Решени | Нерешени | Година |
|---|---|---|---|---|
| Основни судови | 82 | 71 | 10 | 2012 |
| Апелациони судови | | | | 2012 |
| Врховен | | | | 2012 |
| Управен | 48 | 43 | 5 | 2012 |
| Виш управен | | | | 2012 |
| | | | | |
| Основни судови | 47 | 4 | 43 | 2013 |
| Апелациони судови | 21 | 20 | 21 | 2013 |
| Врховен | | | | 2013 |
| Управен | | | | 2013 |
| Виш управен | | | | 2013 |
| | | | | |
| Основни судови | 42 | 21 | 21 | 2014 |
| Апелациони судови | 13 | 1 | 12 | 2014 |
| Врховен | 4 | 4 | 0 | 2014 |
| Управен | 30 | 11 | 19 | 2014 |
| Виш управен | 1 | 0 | 1 | 2014 |
| | | | | |
| Основни судови | 95 | | | 2015 |
| Апелациони судови | 29 | | | 2015 |
| Врховен | 5 | | | 2015 |
| Управен | 37 | | | 2015 |
| Виш управен | 8 | | | 2015 |
| | | | | |
| Основни судови | | | | 2016 |
| Апелациони судови | | | | 2016 |
| Врховен | | | | 2016 |
| Управен | | | | 2016 |
| Виш управен | 6 | | 6 | 2016 |
| **Вкупно** | **468** | **175** | **138** | |

При анализа на податоците кои се презентирани во табела 1, може во целост да ја видиме заштитата на интелектуалната сопственост во Република Македонија. Покрај фактот дека секогаш во добиените извештаи од Европската Унија многу децидно се нагласува потребата од ефикасен систем на заштита на

правото од интелектуална сопственост, во нашиот правен систем постои недоволна свест за значењето на ова прашање. Во текот на периодот 2012 година заклучно со 2016 година во постапка пред судовите се процесирани 468 предмети за заштита на правото од интелектуална сопственост, речиси половина од нив се решение односно 176, а останатите 138 се уште се нерешени и чекаат судска завршница. Во бројот на поведени постапки пред судовите во РМ најголем дел содржат кривичните и прекршочните постапки, тоа се постапки кои државата ги поведува по службена должност согласно Кривичниот законик на Република Македонија и Законот за авторски и други сродни права. Незадоволните автори или носители направо на интелектуална сопственост поднесуваат пријава во граѓанска постапка, како и постапката пред управен и виш управен суд, постапка која е во помал број застапена во вкупниот број на судски предмети. Може со сигурност да се заклучи дека е потребно многу да се работи во делот на едукацијата и обука на судиите во РМ во делот за заштита на правата од интелектуална сопственост, пред се во насока на подобрување на нивната ефикасност и квалитет при носење на одлуки во делот на заштитата на правото од интелектуална сопственост.

Сумирани податоци од работата на Координативно тело за интелектуална сопственост кои неуморно се бореа против фалсификувањето и злоупотребата на правото на ИС.

Табела 2. Уништени фалсификувани производи во Република Македонија

| **Година** | **Фалсифи. ЦД** | **Фалсифи. Текстил** | **Фалсифи. Модни дод.** | **Фалсифи. Авто.дел. и лекови** | **Фалсифи. Спортски** | **Фалсифи. Моб. дода** | **Други производи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 64.548 | 279 | 1.401 | | | | 4.308 |
| 2013 | 10.469 | 440 | 347 | | 44.230 | | 50 тонери |
| 2014 | 6.092 | 24.476 | 17.677 | 18.323 | 1.387 | 4.358 | 600 |
| 2015 | 1.065 | 1.978 | 341 | 4.234 | 807 | 551 | 4р.техтил,185 |
| 2016 | | 5.836 | 302 | | 11.738 | 6.643 | 24.938 |
| **Вкупно** | 82.174 | 33.009 | 20.557 | 58.385 | 58.385 | 11.552 | 29.846 |

Табела 3. Запленети фалсфикувани производи во Република Македонија

| **Година** | **Авторски дела** | **Индустриска сопственост** | **Ресивери** | **Компјутери** |
|---|---|---|---|---|
| 2012 | 2.688 | 7.942 | 162 | 108 |
| 2013 | 5.285 | 2.001 | 88 | 45 |
| 2014 | 2.305 | 137.241 | 190 | 113 |
| 2015 | 112 | 2.958 | 4 | 78 |
| 2016 | 50 | 400 | | |
| **Вкупно** | 10.440 | 150.542 | 444 | 344 |

Со анализа на состојбата на заштитата на правото од интелектуална сопственост во РМможе да се одреди дека постојат производи кои имаат тренд на зголемување на фалсификувањето, а некои производи имаа тренд на намалување на фалсфикувањето . Во делот на авторските права согласно расположливите податоци може да утврдиме дека има намалување на употреба на фалсификувани ЦД и ДВД со филмска и музичка содржина. Овој тренд е се позачестен и многу ретко може да се забележат улични продавачи на ЦД и ДВД,а исто така многу ретки се Цедетеките кои изнајмуваат филмови со пиратска и фалсфикувана содржина. Додека споменатиот начин на злоупотреба на авторското право е во надолен тренд и во изумирање, забележуваме зголемен број на злоупотреби на авторски права преку интернет и недозволено и пиратско емитување и реемитување на заштитени програмски сервиси преку ресивери и таканаречени дримбоксови. Во РМво делот на индустриската сопственост според податоците презентирани во анализата, може да утврдиме дека најмногу се фалсификува спортска опрема, обувки и текстилни производи, кои најчесто се лоцирани и се продаваат на зелените пазари низ државата. Според бројот на фалсфикатите следуваат модните додатоци, мобилни уреди и делови. До не одамна во РМ постоеше автопазар каде во големи количини се продаваа фалсификувани делови за автомобили , но тоа сега е минато такви автопазари повеќе не постојат.

На крај може да заклучиме дека состојбата во РМво делот на заштитата на правата од интелектуална сопственост е во нагорна линија и може да се види дека постепено се намалува трендот на фалсифукување и купување на фалсфикати, за целосно одстранување на ова зло, потребно е пред се подигнување на јавната свест до степен на одбивност од употреба на фалсфикати. Сметано од 2010 година заклучно со 2013 година Министерството за внатрешни работи има извршено контрола во 45 кабелски телевизии и по утврдени злоупотреби на авторските права одземени се 223 ресивери кои служат за реемитување на програмски сервиси за кои немаат регулирано авторски права.

## 7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

По спроведеното истражување и со помош на погоре наведените методи, техники и алатки во делот на заштитата и повредите на интелектуална сопственост, поточно за авторските и сродните права во Република Македонија, споредено со правниот поредок на Европската унија и меѓународното право дојдов до заклучок дека правната рамка во РМ е усогласена со европскиот правен поредок, преку ратификацијата на меѓународните договори и конвенции од страна на Република Македонија.

Во Република Македонија веќе етаблираниот институционален систем за правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права, а кој врз основа на спроведеното истражување се утврди дека не обезбедува доволна заштита, потребно е да се изврши дополнување на правната рамка со цел да се обезбедат предуслови за воспоставување на нова државна институција со надлежност за заштита на овие права, а по пример на останатите држави членки на ЕУ. Имено во државите на Европската Унија постојат агенции или заводи за заштита на авторските права, Заводи за патенти и Заводи за индустриска сопственост, додека во РМ постои само Државниот заводот за индустриска сопственост, но не постои државна институција за заштита на авторските права освен приватните колективни здруженија и Координативното тело за интелектуална сопственост.

Со ова се потврдува главната хипотеза од истражувањето дека е потребно да се формира една државна институција која ќе обезбеди ефикасна и ефективена правна заштита на авторските права и целосна хармонизација со правниот поредок, стандардите, препораките и најдобрите практики на ЕУ.

Во делот кај поединечните хипотези се потврдува потребата од:

1. Зголемувањето на координација помеѓу субјектите кои треба да гарантираат правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права и зајакнување на внатрешните координирани активности во превенција за спречување на повредите на авторските и сродните права;
2. Изготвување на подзаконски акти (правилници, упатства, стандардни и оперативни процедури) за постапување при работењето, како и изготвување на анализи за ризици, кои ќе бидат помошно средство за утврдување на недостатоците за кои е потребно да се извршат измени и дополнувања на правната рамка;
3. Јакнење на капацитетите на човечки ресурси и континуирана едукација на персоналот, преку обуки, унапредување на знаењето, квалитетна внатрешна и меѓународна размена на искуства, што ќе се допридонесе кон високо ниво на обученост на стручните лица кои ќе ја спроведуваат правната рамка од областа на авторското право и другите сродни права;
4. Промоција на важноста на авторско право и други сродни права, со цел подигање на свеста на граѓаниете за купување на оригинални и квалитетни производи, како и запознавање од последиците од користење на фалсификувани производи кои се штетни по здравјето на луѓето и се закана за уништување на животната средина.
5. Повторно активирање на Координативното тело за ИС во делот на заштита на правата на интелектуална сопственост, кое престана со активности во 2016 година поради намален број на членови.

Спроведеното истражување и извршените анализи, во областа на судските постапки, покажаа дека бројот на спроведени постапки е многу низок, а видот на висината на одмерените казни не ја исполнува превентивната цел на казнувањето. Со цел унапредување на заштитата на правата од интелектуална сопственост потребно е понатамошно континуирано унапредување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор за почитување на правата од интелектуална сопственост.

Доследното почитување на правата од интелектуална сопственост ќе допринесат кон забрзан раст на економијата и технолошките процеси. Целосната посветеност на државните институции во ефективна и ефикасна имплементација на мерките опфатени во стратегијата за заштита на правата од интелектуална сопственост, претставува неопходен предуслов за втемелување на овој процес на силни основи. Исполнувањето на овие предуслови ќе значи голем напредок кон создавањето на високо конкурентна економија базирана на знаење, искуства и иновации.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Бернска конвенција за заштита на книжевни и уметнички дела (1886)
[2] Бриселска конвенција за дистрибуција на сигналот за пренос на програма преку сателит (1974)

[3] Blakeney M.: Trade Related Aspects of Intellectual Property, Sweet & Maxwell, 1996
[4] Дабовиќ-Анастасовска Ј., Гавриловиќ Н., Здравева Н.: Авторско право и сродни права за електронски медиуми, „Центар за развој на медиуми“, Скопје, 2014
[5] Директива за рокот на траење на авторски права и одредени сродни права, 2006/116 / ЕЗ од 12 декември 2006 година
[6] Директивата 2004/48/ЕЗ за спроведување на правата на интелектуална сопственост
[7] Европска конвенција за копродукција во кинематографијата (1992)
[8]Конвенција за заштита на производителите на фонограми, против неовластено умножување на нивните фонограми (1971)
[9] Конвенција за основање на Светската организација за интелектуална сопственост (1967) – WIPO, http://www.wipo.int/about-wipo/en/
[10] Министерство за правда на РМ
[11] Светска ( Универзална ) конвенција за авторско право (1952)
[12] www.ippo.gov.mk